20248 ✓

pres-kliping · press-clipping
1952 — 1972
NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1
Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
29. IV. 1972
29, 30. IV и 1, 2. V 1972, бр. 2770, стр. 13

Современата македонска ликовна уметност во светот

— Прво репрезентативно претставување на современата македонска ликовна уметност во СР Романија

# ВО ПОСТОЈАН ПОДЕМ


КОМЕСАР НА ИЗЛОЖБАТА НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ ВО ЈАШИ (СР РОМАНИЈА): ДИМИТАР КОНДОВСКИ

**Современата македонска ликовна уметност бележи постојан подем и афирмација во странство. Денес веќе нема во светот позначајна меѓународна ликовна манифестација на која не се застапени и творби од современи македонски уметници. Нашите ликовни уметници зад себе имаат такви остварувања кои можат да опстојат и пред најригорозни селективни критериуми.**

Токму затоа творби од нашите ликовни уметници срекаваме во Мајскиот салон во Париз, на секое позначајно биенале во Фиренца, Александрија, Токио, Бомбај, Сан Паоло и на секаде по светот. И не само што македонските уметници се застапени на разните меѓународни ликовни манифестации, туку во рамките на овие манифестации честопати изложените творби добиваат разни награди, признанија и пофалби од еминентни ликовни критичари и есеисти.

## ● ПРВО ЦЕЛОСНО ПРЕЗЕНТИРАЊЕ ВО СР РОМАНИЈА

**На 28 април годинава, во Централниот изложбен салон во Јаши (СР Романија), беше отворена изложба на современата македонска ликовна уметност. Ова е прво наше поцелосно презентирање пред љубителите на ликовната уметност во СР Романија.**

**Во рамките на оваа изложба се застапени голем број современи македонски ликовни уметници. На изложбата со по неколку слики се застапени: Никола Мартиновски, доајен на современото македонско сликарство, потоа Спасе Куновски, Димитар Кондовски, Борко Лазески, Вангел Наумовски, Глигор Чемерски, Симон Шемов, Трајче Јанчевски, Ванчо Георгиевски, Родољуб Анастасов, Кирил Ефремов, Танас Луловски, Ристо Мијаковски, Доне Миљановски, Благоја Николовски, Таки Павловски, Васко Ташковски, Ана Темкова, Нове Франговски и Душко Перчинков.**

На оваа прва наша репрезентативна изложба во СР Романија со по две творби застапени се и скулпторите: Јордан Грабулоски, Петар Хаџи Бошков, Васил Василев, Борис Николовски, Стеван Маневски, Боро Митрикески,


ЗАСТАПЕН НА БИЕНАЛЕТО ВО АЛЕКСАНДРИЈА ТРАЈЧЕ ЈАНЧЕВСКИ


ТРИ ГРАФИКИ ЗА ФИРЕНЦА: ДРАГУТИН АВРАМОВСКИ-ГУТЕ

и Драган Поповски — Дада, а исто така и графичарите: Петар Хаџи-Бошков, Драган Биков, Томислав Крмов и Божин Барутовски.

Комесар на изложбата е Димитар Кондовски. Из-
ложбата ќе биде отворена еден месец, а исто толку вре-
ме ќе биде презентирана и во романскиот град Пиатра
Неамц.

## ● ТВОРБИ НА МАРТИНОВСКИ ВО ВАРШАВА

**Еминентниот македонски ликовен уметник е пока-
нет да отвори ретроспективна изложба во Варшава. Ака-
демикот Никола Мартиновски одамна ја има прифатено
оваа покана и во најскоро време околу 60 негови твор-
би ќе се најдат во најреномираната изложбена просто-
рија во главниот град на Полска. Со ова, Никола Мар-
тиновски се наредува во оној мал број југословенски
ликовни уметници на кои им се укажала честа да би-
дат поканети да излагаат самостојно во Варшава, се-
како еден од најпознатите европски ликовни центри.**

## ● КУНОВСКИ, ПЕТЛЕВСКИ И ПЕРЧИНКОВ ВО ТОКИО

За годинашното традиционално меѓународно биена-
ле во Токио меѓу другите југословенски ликовни умет-
ници со по неколку творби ќе бидат застапени и маке-
донските сликари: Спасе Куновски, Ордан Петлевски и
Душко Перчинков.

**Секако од овие тројца наши сликари најпознат на меѓународен
план е сликарот Ордан Петлевски, за чие творештво се имаат иска-
жано најпознатите современи ликовни критичари во светот. Исто та-
ка и Спасе Куновски е веќе познато име во аналите на современото
светско сликарство, па затоа учеството на биеналето во Токио пред
сè претставува шанса за младиот ликовен уметник Душко Перчинков,
кој постепено но сигурно чекори кон елитата на современото сли-
карство.**

## ● МИТРИКЕВСКИ И ЈАНЧЕВСКИ ВО АЛЕКСАНДРИЈА, А АВРАМОВСКИ ВО ФИРЕНЦА

На годинашново медитеранско биенале во Александрија (ОАР), се
застапени и нашите ликовни уметници Боро Митрикески, скулптор и
Трајче Јанчевски, сликар. Ке го нагласиме и тоа дека сликарот Трајче
Јанчевски пред неколку години на ликовното биенале во Бомбај беше
еден од добитниците на првите две главни награди. Всушност наста-
пот на биеналето во Бомбај беше и прв значаен успех на меѓуваро-
ден план на сликарот Трајче Јанчевски.

На претстојното меѓународно графичко биенале во Фиренца, што
ќе се одржи од 6 мај до 30 јуни, со три графики ќе учествува и Дра-
гутин Авраамовски — Гуте, еден од најдобрите современи македонски
графичари.

**Покрај ова, во текот на оваа година, голем број наши ликовни
уметници, по еден или друг повод, со по една или повеќе творби, ќе
бидат застапени на повеќе ликовни манифестации во светот, а тоа е
само уште една потврда за високото реноме и за подемот на совре-
мената македонска ликовна уметност во светот.**

**Ташко ШИРИЛОВ**